Цивика мобилитас, на 5 мај 2015 година ги **промовираше првите 16 грантисти** во новата фаза на програмата. Добитници на институционални грантови се: Полио плус; Првата детска амбасада во светот Меѓаши; Хелтгрупер самит; Центарот за одржлив развој на заедницата – Дебар; Здружението за социјална правда Левичарско движење Солидарност; Здружението ИЗБОР – Струмица; Здружението на новинарите на Македонија; Асоцијацијата за демократска иницијатива - Гостивар; Центарот за граѓански комуникации; Мултиетничкото здружение „Флоренс Најтингел“ - Куманово; Организацијата на жени на општина Свети Николе; Фондацијата за развој на локалната заедница Штип; Здружението за заштита на животни АНИМА МУНДИ; ЦИВИЛ – Центар за слобода; КХАМ Делчево и Центарот за развој на заедницата Кичево.



Првите институционални грантови имаат **вкупен буџет од околу 77 милиони денари** и наменети се за поддршка на процесот на институционален развој и организациско јакнење на избраните организации. Нивното зајакнување треба да ги направи поактивни

во ангажирањето за постигнување општествени промени во Македонија, за што се залага Цивика мобилитас.

На грантистите им честиташе **Амбасадорот на Швајцарија во Македонија**, неговата екселенција **Стефано Лазарото**. Тој меѓу другото истакна дека со поддршка на Швајцарската агенција за развој и соработка, во последните пет години биле поддржани 70 граѓански организации. „Од овој проект очекуваме многу и му даваме големо значење“, рече Лазарото. „Се надевам дека за неколку години македонските граѓански организации ќе станат главен фактор во општеството“, додаде тој.

По промовирањето на првите грантисти се одржа информативна сесија за **акциските грантови** за кои повикот веќе е во тек, а беа најавени и повикот за **мали грантови** за локални општествени акции и повикот за **ад-хок грантови**.



[Civica Mobilitas](#) [Wednesday, May 6, 2015](#)